# O ZOT O ZOT

## Per Shpirtin dhe Jeten

Shkenca teologjike e cila mësohet nëpër shkolla dhe e cila u bë disiplinë shkencore në dispozicion të të gjithëve nuk na mundëson njohje të Zotit. Njohja e Zotit rrjedh nga jeta në Zot, e cila lind në brendësinë e zemrës.

Dikush mund të jetë shumë i shkolluar, të ketë diploma akademike, por të mbesë krejt i paditur për rrugën e shpëtimit.

Kur diskush ka jetë të shenjtë dhe të paganbueshme, dituria intelektuale mund të japë fryte të çuditshme. Përkundër kësaj, një dituri pa dashuri nuk mund ta shpëtojë njeriun.

Për ta mësuar mjeshtërinë e jetës në Krishtin, nuk është e nevo- jshme të lexojmë dhjetëra apo quindra libra. Ati im shpirtëror më këshillonte të lexoj vetëm disa faqe në ditë. Pesëmbëdhjetë min -uta, gjysmë ore, por të kujdesem që ta realizoj në jetë atë që e kam lexuar.

Vështirësia të bashkëpunojmë me të afërmin gjithmonë rrjedh nga mungesa e lutjes dhe dashurisë. Siç thotë Shën Siluani, mund të ndodhë që përparimi të jetë i vështirë, edhe përpos lutjeve të flakta. Përpos kësaj, pasi që arrijmë me thirrjen e Emrit të Krishtit të fillojmë të jetojmë me ndonjë personalitet, bëhemi të aftë të jetojmë me miliona personalitete tjera të cilat janë të ngjashme me të.

Të lutemi për tjetrin do të thotë t'i ndihmojmë, duke iu falënderuar disponimit të afërt të zemrës sonë ndaj tij, që të mund t'u kundërvihet mendimeve negative të cilat mund t'i ketë ndaj nesh jo pa arsye. Përkundër kësaj, mos të lutemi për të, do të thotë t'i arsyetojmë, me mungesë të dashurisë nga ana jonë, mendimet e këqia të cilat mund t'i ketë kundër nesh. Ta ruajmë unitetin në lutjen rreth gotës së Krishtit dhe do të shohim që është lehtë të duam.



## Arkimandriti Sofronij

Jini shumë të kujdesshëm! Mos i lejoni asnjë mendimi të keq të hyjë në zemrën tuaj.

Është njësoj e gabueshme dhe e rrejshme të presim përsosuri të një bashkësie, sa edhe përsosuri të një personi. Së pari sepse edhe ne vetë nuk kemi pasqyrë të vërtetë dhe të drejtë për atë se çka është saktësisht përsosuria. Pastaj, sepse përsosuria është gjendje e mishërimit të plotë me Krishtim.



Largoni nga vetja çdo frymë të kurreshtjes. Kryejeni bindjen tuaj pa u brengosur a po e kryejnë të tjerët të vetën. Kur mungon kurreshtja, çdonjëri sipas vullnetit të Zotit e fiton atë që i përket. Nuk mund Ta gënjejmë Zotin. Është aq i fuqishëm dhe i drejtë sa që nuk mund të fshehim asgjë nga Ai.

Kur mes njerëzve paraqiten përçarje, armiqësi, marrëdhënie të dhunshme, uniteti nuk mund të ruhet në mënyrë tjetër, përveç se çdonjëri t'i durojë mangësitë e të tjerëve. Për Shën Apostullin Pavle është më mirë dikush të durojë padrejtësi se sa të bëjë padrejtësi.

Jeta botërore është e bazuar në forcë, në dhunë. Qëllimi i të krishterit është krejt tjetër. Dhuna nuk i takon jetës së amshueshme. Asnjë vepër që na imponohet me forcë nuk mund të na shpëtojë.

Duke jetuar nëbashkësi, nëpërmjet dëgjueshmërisë, dalëngadalë e kuptojmë psikologjinë e personaliteteve tjera. Duke mësuar të jetojmë me një personalitet, mësojmë të jetojmë me miliona personalitete tjera të cilat janë të ngjashme. Kështu,

# MËSHIRONA

## Per Shpirtin dhe Jeten



gradualisht hyjmë në dhembje të thellë për tërë njerëzimin. Shpirti ynë duhet të zhvillohet në të gjitha dimenzionet e qenies njerëzore, e jo vetëm në fushën e brengave dhe vështirësive të përditshme. Ato gjëra të vogla, dhe konfliktet që i për-cjellin, janë sigurisht të pashmangshme, por ky nuk është qëllimi përfundimtar i jetës sonë. Parakuptimi ynë është të bëhemi të ngjashëm me Krishtin. Prapëseprapë nëse “unë” nuk mund të mbaj në vete një vëllazëri të vogël, si do të mund ta përqafoj me dashuri, si edhe Krishti, krejt njerëzimin në kohë dhe në hapësirë?

Kur mendja dhe zemra jonë drejtohen kah Zoti, çdo gjë bëhet e lehtë. Pa këtë lëvizje të fuqishme drejt Zotit, jeta e humb kuptimin e vet.

Puta, pozita shoqërore, nuk duhet të kenë kurrfarë rëndësie në marrëdhëniet mes njerëzve. Epërsia nuk është e jashtme, por e brendshme. Ai që E do Zotin më shumë, ai që lutet më shumë, që përpiqet më shumë t’i ruajë porositë, do të jetë më afër Zotit. Kjo është shumë e rëndësishme. Nuk ekziston karierë në jetën shpirtërore.

Nëse shpëtimi në Krisht është qëllimi i vetëm i jetës sonë, atëherë çdo gjë që bëjmë vepër lutëse, verër liturgjike.

Secila gjë në jetën tonë ka kuptim të vet shpirtëror. Është e nevojshme që në fillim të zbulojmë si mund të punojmë duke i mbajtur mendjen, zemrën dhe kujdesin tonë në Zotin.



## Arkimandriti Sofronij

Në jetë nuk ekziston asgjë e imët, e vogël, e parëndësishme.

Të luteni në mbrëmje, në mëngjes dhe në momentet tjera të jetës së përditshme. Lutuni për të tjerët. Vetëm me unitet në Shpirtin e Shenjtë do të mund ta vendosni shpëtimin tuaj. Të luteni për ata rreth jush dhe të kërkoni prej Zotit t’u bekojë për shkak të lutjeve të tyre. Kur mendja juaj është tërë sisht e drejtuar kah Zoti, atëherë ndërpriten të gjitha pyetjet. Nuk ekziston më asnjë pyetje tjetër, përveç kësaj: Si ta fitojmë Shpirtin në ne, dhe si ta ruajmë atë?

Pendimi nuk ka fund këtu në tokë, sepse fundi i pendimit do të thoshte që jemi bërë në çdo gjë të ngjashëm me Krishtin. Edhe dallimi më i vogël mes Krishtit dhe nesh kërkon pendim të thellë: Zot Jezu Krisht, Bir i Zotit, na fal. Këto fjalë e tregojnë distancën të cilën e ndjejmë mes Atij, qenies së përsosur dhe të amshueshme, dhe nesh.



Jemi të obliguar ta ruajmë frymën e pendimit gjatë tërë jetës sonë, deri në fund. Pendimi është baza e çdo jete asketike dhe shpirtërore. Ndjenja, parandjenja e mëkatit mund të ashpërsohet aq shumë në ne, ashtu që të lindë pendium me të vërtetë të thellë.

**Prej librit
“Për Shpirtin dhe Jetën”,
nga Arkimandriti Sofronij**

# ЗА ДУХОТ И ЖИВОТОТ

# архимандрит Софрониј

Теолошката наука којашто се учи во школите и која стана научна дисциплина достапна за сите, не ни овозможува познание на Бога. Познанието на Бога извира од животот во Бога, кој се раѓа во внатрешноста на срцето.

Некој може да биде многу учен, да има академски дипломи, а да остане крајно неук за патот на спасението.

Кога некој има свет и безгрешен живот, интелектуалното знаење може да даде чудесни плодови. Наспроти тоа, едно знаење без љубов не може да го спаси човекот.

За да ја научиме вештината на животот во Христа, не е потребно да прочитаме десетици или стотици книги. Мојот духовен отец ме советуваше да читам само неколку страници на ден. Петнаесет минути, половина час, но да се погрижам да го остварам во животот она што сум го прочитал.

Тешкотијата да соработуваме со ближниот секогаш произлегува од недостаток на молитва и љубов. Како што вели Свети Силуан, може да се случи и покрај огнените молитви напредокот да е тежок. Покрај тоа, откако ќе успееме со повикувањето на Името Исусово да заживееме цврсто со некоја личност, стануваме способни да живееме со милиони други личности што ѝ се слични.

Да се молиме за другиот значи да му помагаме, благодарение на благото расположение на нашето срце кон него, да може да им се спротивстави на негативните помисли коишто не без причина може да ги има против нас. Наспроти тоа, да не се молиме за него, значи да ги оправдуваме, со отсуство на љубов од наша страна, лошите помисли коишто може да ги има против нас. Да го сочуваме единството во молитвата околу чашата Христова и ќе видиме дека е лесно да љубиме.

Бидете многу внимателни! Не ѝ дозволувајте на ниедна лоша помисла да навлезе во вашето срце.

Подеднакво е погрешно и лажно да очекуваме совршенство на една заедница, колку и совршенство на една личност. Најпрвин затоа што и ние самите немаме вистинска и правилна претстава за тоа што е совршенството. А потоа, затоа што совршенството е состојба на полно вподобување на Христа.

Отфрлете од себе секаков дух на љубопитство. Извршувајте го вашето послушание без да се грижите дали и другите го извршуваат нивното. Кога љубопитството отсуствува, по Божја Промисла секој го добива она што му соодветствува. Не можеме да Го излажеме Бога. Толку е силен и праведен што ништо не можеме да сокриеме од Него.



Кога меѓу луѓето се појавуваат раздори, непријателства, насилнички односи, единството не може да се сочува на друг начин, освен секој да ги трпи недостатоците на другите. За Светиот Апостол Павле подобро е некој да трпи неправда отколку да стори неправда.

Светскиот живот е втемелен на сила, на насилства. Целта на христијанинот е сосема поинаква. Насилството не му припаѓа на вечниот живот. Ниедно дело што ни се налага со сила не може да нè спаси.

Живеејќи во заедница, преку послушноста, лека-полека ја сфаќаме психологијата на другите личности. Учејќи се да живееме со една личност, учиме да живееме со милиони други личности што ѝ се слични. Така постепено навлегуваме во длабока болка за сето човештво. Нашиот дух треба да се развие во сите димензии на човековото битие, а не само на полето на секојдневните грижи и тешкотии. Тие малечки нешта, и судирите што ги следат, сигурно се неизбежни, но тоа не е крајната цел на нашиот живот. Нашето предназначение е да станеме според подобието Христово. Сепак, ако јас не можам да носам во себе едно мало братство, како ќе можам љубовно да го прегрнам, како Христос, севкупното човештво во времето и во просторот?

Кога нашиот ум и срцето се насочуваат кон Бога, сè станува лесно. Без овој силен двиг кон Бога, животот ја губи својата смисла.

# ЗА ДУХОТ И ЖИВОТОТ

Работата, општествената положба, не требаше да имаат никакво значење во односите меѓу луѓето. Надмоќта не е надворешна, туку внатрешна. Оној којшто повеќе Го љуби Бога, оној кој повеќе се моли, кој повеќе се обидува да ги зачува заповедите, ќе биде поблиску до Господа. Тоа е многу значајно. Ослободете го вашиот ум од секоја мисла за кариера. Во духовниот живот не постои кариера.

Ако спасението во Христа е единствена цел на нашиот живот, тогаш сè што правиме станува дело молитвено, дело литургиско.

Секое нешто во нашиот живот има своја духовна смисла. Потребно е на почетокот да откриеме како можеме да работиме држејќи го умот, срцето и нашето внимание во Бога.

Во животот не постои ништо ситно, малечко, безначајно.

Молете се навечер, наутро и во другите моменти од секојдневниот живот. Молете се за другите. Само со единство во Светиот Дух ќе можете да го устроите вашето спасение. Да се молите за оние околу вас и да барате од Бога да ве благослови заради нивните молитви.

Кога нашиот ум е целосно насочен кон Бога, тогаш престануваат сите прашања. Не постои повеќе ниедно друго, освен ова прашање: како да се здобиеме со Духот во нас, и како да Го сочуваме?

Покајанието нема крај овде на земјата, затоа што крајот на покајанието би значел дека сме станале во сè слични на Христа. И најмалата разлика помеѓу Христа и нас бара длабоко покајание: *Господи Исусе Христе, Сине Божји, помилуј нè*. Ова слово го искажува растојанието што го чувствуваме помеѓу Него, совршеното и вечно Битие, и нас.

Должни сме да го сочуваме духот на покајанието во текот на целиот наш живот, до кончанието. Покајанието е основа на секој аскетски и духовен живот. Чувството, претчувството на гревот може да се заостри толку многу во нас, така што да роди навистина длабоко покајание.

од книгата „За Духот и Животот", Архимандрит Софрониј

Премин, јули 2004



Кале 2002 голем златен медал 2004
Мускат 2003 голем златен медалион 2004 (шампион) Мерло 2003 златен медал 2004
Вранец 2002 златен медал 2004 Шардоне 2003 златен медал 2004

НА МЕЃУНАРОДНИОТ САЕМ АГРОФУД 2004 НА ШТАНДОТ НА СКОВИН СЕ ПРОМОВИРАШЕ ПОЧЕТОК НА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ТРАДИЦИЈА ПОБЕДНИЧКОТО ЦРВЕНО ВИНО ДА БИДЕ БЛАГОСЛОВЕНО ЛИТУРГИСКО ВИНО ЗА ТЕКОВНАТА ГОДИНА.

ПОБЕДНИЧКОТО ЦРВЕНО ВИНО НА СКОВИН, КАЛЕ, ГО БЛАГОСЛОВИ АРХИЕПИСКОПОТ ОХРИДСКИ И МАКЕДОНСКИ Г.Г. СТЕФАН ВО ПРИДРУЖБА НА МИТРОПОЛИТИТЕ Г. КИРИЛ И Г. НАУМ. ЕПИСКОПИТЕ ЗАЕДНО ГО ПРЕПОРАЧАА ЦРВЕНОТО ВИНО КАЛЕ ДА БИДЕ ЛИТУРГИСКО ВИНО ЗА 2004 ГОДИНА И ДА БИДЕ КОРИСТЕНО ЗА СВЕТАТА ПРИЧЕСТ ВО ЦРКВИТЕ НА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА.

АГРОФУД 2004
СКОВИН
www.skovin.com.mk
Винарска визба * Wine Cellar SKOVIN AD, Skopje, Str. 15-ti Korpus No. 3 1000 Skopje
Republic of Macedonia Tel. ++ 389 2 31 75 107; 31 75 097; 31 72 088 E-mail: info@skovin.com.mk

ЛИТУРГИСКО ВИНО
КАЛЕ



SKOVIN